ЦЗИ21

НОВА МАКЕДОНИЈА, 17992,

ПЕТОК 21 ФЕВРУАРИ 1997 ГОДИНА ● СТРАНИЦА 11

СИНОЌА ВО МУЗЕЈОТ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ

Отворена изложбата на англискиот скулптор Тони Крег

Наречена „изложба на деценијата" поради светската репутација на авторот, МСУ овој настан го обезбеди по долготрајни директни преговори со мега – ѕвездата и неговиот галерист

Синоќа многубројна публика во Музејот на современата уметност во Скопје, го следеше отворањето на „изложбата на деценијата" на англискиот скулптор Тони Крег, така наречена во одредени ликовни кругови уште пред да се случи настанот, врз основа на широко распространетата низ светот репутација за овој 48-годишен уметник, заговарач на постмодерната.

На приземниот простор во МСУ Крег изложи 12 големи склуптури, во чие поставување вчера претпладне му помагаа двајца асистенти, кои специјално допатуваа во Скопје со него. Нив ги придружува и галеристот на мега-ѕвездата, Ханс Кнол од Виена. Благодарение на стекната слава, Крег е многу скап уметник. Оваа изложба во Скопје му е 160-та по ред, а денес тој ќе ја збогати со предавање за своите уметнички визии кое ќе го одржи во МСУ во 11 часот.

Иако во биографиите на Крег, роден во Ливерпул, живее во Вупертал и професорува на Академијата во Дизелдорф, пишува дека во своите дела употребува практично остатоци од високата технологија и од човечкиот потрошувачки менталитет, на неговата изложба во МСУ е забележлива и една негова идеја дека сите контрасти се во одредена хармонија. Така, неговите грамадни дела од гранит „стојат" покрај кревките експонати од стакло, исполнетите форми покрај шупливите и празни, светлите покрај темните и тн. и речито говорат за авторовото посебно сфаќање и чуствување на материјалите. Делата на Крег ќе бидат изложени до 14 март.

Тони Крег во МСУ: отпадоците на потрошувачкиот менталитет како инспирација

С.Ѓ.